Врз основа на член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка (6) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15. 193/15, 11/18, 21/18. 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 02.11.2020 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ** по сила на закон одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 111814 издадено на корисникот Друштво за производство, трговија и услуги ВИП ТАКСИ ДООЕЛ Штип со седиште ул.Струмичка бр.30 во Штип, поради тоа што имателот на одобрението престанал да постои.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентен број 111814 на корисникот Друштво за производство, трговија и услуги ВИП ТАКСИ ДООЕЛ Штип со седиште ул.Струмичка бр.30 во Штип.

На 30.10.2020 година имателот на горенаведеното одобрение достави до Агенцијата за електронски комуникации Решение за бришење од надлежниот Регистар, издадено од Централниот Регистар на Р. Македонија, поради што се донесе решение одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 111814 да престане да важи по сила ка закон.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-656
Скопје, 04.11. 2020

Изработил: Александар Панчевски
02.11.2020 год

Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

Поовластувањеод Директорот,
Игор Бојаџиев

Доставено до:
- Странка
- Архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за фиинансии
- Сектор за контрола и мониториг на радиофрвквенциите

АЕК-301.15